# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**01.08.2014 год.** **Бр.IX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на акtиtе донесени на 21-tа седница на Совеtоt на Оpшtина Крушево одржана на ден 01.08.2014 ѓод.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 21-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 01.08.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-648/2 од 01.08.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на Р.М.” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 01.08.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа во траење најмногу до три дена за одредени туристички, културни и друг вид манифестации.

**Член 3**

Продолжувањето на работното време на угостителските објекти од член 2 на оваа Одлука ќе биде:

- 01, 03 и 04.08.2014 година, во рамките на манифестацијата „Десет Дена Крушевска Република”.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Член 5**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката бр.07-635/8 од 31.07.2014 година.

**Бр.07-649/3 од 01.08.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А


Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 21-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
2. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ............................ 1


Редакциски одбор на Општина Крушево.